Бр. 02-557/8
23.4.2019 година
Скопје

Врз основа на член 1, точка 11 од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2019 година бр. 02-314/31 од 28.2.2019 година, Универзитетскиот сенат, на 31. седница одржана на 23.4.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување стипендии на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат стипенидии за студенти запишани во прва година на прв циклус студии на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), во учебната 2019/2020 година.

Средствата за оваа намена се утврдени во Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2019 година бр. 02-314/31 од 28.2.2019 година.

Член 2

Бројот на стипендиите за учебната 2019/2020 година на Универзитетот изнесува 240 стипендии, распоредени по 10 за секој факултет.

Износот на секоја стипендија е во висина на партиципацијата утврдена со Конкурсот за соодветниот факултет, односно за студиската програма.

Стипендиите се доделуваат само за учебната 2019/2020 година, односно еднократно со намена - уплата на партиципација во трошоците за студирање.

Член 3

Стипендиите им се доделуваат на првите 10 кандидати на ранг-листата, примени во категоријата редовни студенти во државна квота на факултетот, во прва година во учебната 2019/2020 година.

Доколку на ранг-листата на запишани студенти за сите студиски програми има повеќе студенти со ист постигнат успех од бројот на стипендиите што се доделуваат, бројот на стипендиите соодветно се зголемува.

Член 4

По истекот на рокот за запишување, факултетите ги доставуваат до Универзитетот конечните ранг-листи на примени кандидати.

За спроведување на постапката за доделување стипендии, ректорот формира комисија.

Комисијата утврдува ранг-листа и ја доставува до ректорот, кој донесува конечна одлука за доделување стипендии.

Член 5

Студентот го губи правото на стипендија ако:

- се испише, односно ги прекине студиите;
- не запише втор семестар на студиите;
- не достави до факултетот потврда за запишан семестар;
- му мирува статусот на студент;
- неточно ги прикажал условите битни за доделување и користење на стипендијата;
- се вработи;
- по свое барање го откаже правото на користење на стипендијата.

Факултетот е должен да води евиденција и да го извести Универзитетот за исполнетоста на условите од став 1 на овој член.

Студентот кој го изгубил правото на стипендија е должен да го врати доделениот износ.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во *Универзитетскиот гласник*.

Ректор

Проф. д-р Никола Јанкуловски

Изработил: м-р Елизабета Додевска
Одобрил: м-р Марија Маневска
Проф.д-р Биљана Ангелова, проректор за финансии, инвестиции и развој